Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од С. Г.
, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во архивата на Агенцијата под број 08-2 од 09.02.2021 година, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од С. Г.
, бр. 08-2 од 09.02.2021 година, поднесено до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, кое гласи:

„Извештај за периодот од 01.01 до 31.12.2020 година во врска со спроведување на член 36 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ бр. 101/2019), а поврзано со сите водени постапки со имателот на информациите: Боречка Федерација на Република Северна Македонија, Адреса: Ул. 1732, бр. 4, Хотел Парк, 1000 Скопје, Контакт тел. 076 474 467, 075 506 644, Емаил: mkd@unitedworldwrestling.org.“, **СЕ УВАЖУВА ВО ЦЕЛОСТ**.

2. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на барателот му овозможува пристап до бараната информација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

С. Г. до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, електронски поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во архивата на Агенцијата под бр.08-2 од 09.02.2021 година, со кое бара препис, по пошта и на е-маил да му биде доставена следната информација:

„Извештај за периодот од 01.01 до 31.12.2020 година во врска со спроведување на член 36 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ бр. 101/2019), а поврзано со сите водени постапки со имателот на информациите: Боречка Федерација на Република Северна Македонија, Адреса: Ул. 1732, бр. 4, Хотел Парк, 1000 Скопје, Контакт тел. 076 474 467, 075 506 644, Емаил: mkd@unitedworldwrestling.org.“

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, го информира Барателот дека по извршениот увид во евиденцијата на доставени годишни извештаи за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Боречка Федерација на Република Северна Македонија, до денот на изготвувањето на ова Решение нема доставено годишен извештај за периодот од 01.01 до 31.12.2020 година.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Директор**
**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-2
18.02 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Изработил Инџи Хоџа

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- барател на информацијата